ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 11-190/11

Дата: 27.09.2010

ДО
ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ ц.о. - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје ц.о. Скопје (во понатамошниот текст ЈСП Скопје) за 2009 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2003 година, издадено е мислење со резерва и дадени се 3 препораки.

Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека се превземени мерки по дадените препораки.

Изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и негативно мислење во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2009 година, кое се темели пред се на подолутврдените состојби.

Со извршената ревизија констатирано е дека не е утврден основачкиот влог на ЈСП Скопје, не се создадени услови за редовно подмирување на обврските за ДДВ према Буџетот на Република Македонија и не е извршено вредносно усогласување на тужените, сомнителните и спорните побарувања.

Постои несигурност од целосноста, вреднувањето и презентирањето на приходот од закуп на рекламни површини на автобусите на ЈСП.

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието потребно е да превземат активности за утврдување на основачкиот влог на претпријатието, донесување на политики за начинот на вредносно усогласување на побарувањата и утврдување на критериуми за давање под закуп на рекламни надворешни површини на автобусите на ЈСП Скопје.

Менаџментот на ЈСП Скопје и надлежните органи за управување со претпријатието во соработка со основачот превземаат активности за надминување на состојбите и условите во кои ги извршува претпријатието и создавање на услови за подобрување на условите во кои се извршува дејноста од јавен интерес „јавен градски и приградски превоз“.

Во финансиските извештаи на ЈСП Скопје со известувачкиот период искажани се повеќе видови на обврски на име користени кредити, гаранции, камати за активирана гаранција и обврски за позајмени нафтени деривати, чие враќање во иднина би можело да влијае на солвентноста и ликвидноста на ЈСП Скопје.

Од страна на законскиот застапник на ЈСП и одговорното лице на ЈСП за дел од периодот за кој е вршена ревизијата добиени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки при што забелешките на утврдените состојби во точките 4.3.2. и 4.4.2. делумно ги прифати а останатите забелешки не ги прифати.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиските извештаи (страна 22 до 25) заедно со ревизија на усогласеност на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје ц.о. Скопје за 2009 година кои се состојат од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на успех, извештај за промените во главнината/капиталот и извештај за паричните текови за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи за 2003 година на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје ц.о. - Скопје и е изразено мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансискиот извештај како и мислење со резерва во однос на законското и наменското трошење на средствата.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, е одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Александар Бошковиќ, директор во период од 17.11.2008 до 29.10.2009 година и

- Мишо Николов, ВД директор од 30.10.2009 година до 30.04.2010 година, а од 01.05.2010 година директор;

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани

во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје ц.о. - Скопје се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали

финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.03.2010 до 18.06.2010 година кај Јавното сообраќајно претпријатие Скопје ц.о. Скопје од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2003 година.
Со ревизијата на преземените мерки по дадените препораки се констатира дека се превземени мерки по дадените препораки.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот-предмет на ревизија, одржан на ден 22.06.2010 година.

На ден 12.08.2010 година со писмо број 03-1201/1 и писмо без број примени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 11-190/5 од 12.07.2010 година.
Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во нацрт извештајот, односно дел од доставените забелешки претставуваат

информирање за превземените мерки за дадените препораки, во одреден дел се наведуваат причините за утврдените состојби без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби, освен упатените забелешки на утврдените состојби во точките 4.3.2. и 4.4.2. кои ОДР делумно ги прифати.

Текстот на забелешките по нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

## 4.1. Интерни контроли

4.1.1. Надлежните органи за раководење со претпријатието во 2009 година не превземале активности за утврдување, проценка и контрола на настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието односно обезбедување на сигурност дека целите ќе се постигнат. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор. Непревземањето на наведените активности предизвикува отсуство/немање на стратегија за управување со ризиците, отсуство на активности за превенција и минимизирање на ризикот од неисполнување на целите.

**Препорака**

Надлежните органи за раководење на претпријатието да превземат активности за утврдување, проценка и контрола на можните настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на претпријатието/изготвување на стратегија за управување со ризиците и нејзино континуирано ажурирање.

## 4.2. Усогласеност со законски прописи

4.2.1. Собранието на Град Скопје во текот на 1989 година донело Одлука за организирање на Јавно сообраќајно претпријатие Скопје ц.о. - Скопје како Јавно претпријатие без притоа да се наведе износот на средствата/основачкиот влог на основачот на претпријатието. Во текот на 2001 година со Решение Трег.број 15604/1999 извршено е усогласување со Законот за јавните претпријатија при што повторно не е утврден основачкиот влог, ниту до денот на ревизијата. Ваквата состојба не е во согласност со член 10 став 1 точка 3 од Законот за јавните претпријатија во кој е уредено дека

со актот за основање покрај другото се утврдува „износот на средства за основање и начинот на нивното обезбедување". Утврдената состојба има за ефект неможност од потврдување на реалноста и веродостојноста на искажаниот Државен јавен капитал во износ од 53.296 илјади денари и достапност на правно релевантните податоци за претпријатието.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со јавното претпријатие во соработка со основачот на претпријатието да превземат активности за утврдување на основачкиот влог, обезбедат веродостојни сметководствени документи и извршат негово упишување кај надлежниот регистар.

4.2.2. ЈСП Скопје во сметководствената евиденција заклучно со 31.12.2009 година на име обврски за данок на додадена вредност и камата има искажано 343.626 илјади денари и тоа:

- данок на додадена вредност во износ од 242.773 илјади денари евидентиран во период од 2004 година заклучно со 2009 година;
- камата за ненавремена уплата на данокот на додадена вредност во износ од 100.853 илјади денари евидентирана во период од 2004 година заклучно со 2008 година;

Неизмирување и ненавремено измирување на горенаведените обврски не е во согласност со одредбите на член 43 став 4 од Законот за данокот на додадена вредност кој уредува дека „даночниот обврзник е должен данокот за плаќање да го уплати на сметките утврдени со посебни прописи". Утврдената состојба има влијание на висината на уплатените приходите на Буџетот на Републиката, зголемување на трошоците на претпријатието за камати заради ненавремено плаќање на наведените обврски и нецелосно искажување на обврските пред се во делот на каматите.

Постапувајќи согласно одредбите на Законот за плаќање на рати на даночни долгови на јавните претпријатија и трговските друштва основани од Република Македонија, односно општините или Градот Скопје, јавното претпријатие обезбедува обврските на име данок на ДДВ да ги плаќа на рати со грејс период од 36 месеци заклучно со 12.02.2013 година со право на отпис на каматата која според податоците од Управата за јавни приходи изнесуваат 182.108 илјади денари.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да превземат активности за планирање и подобрување на солветноста на претпријатието за исполнување на обврските за даночните долгови.

4.2.3. Управниот одбор на јавното претпријатие на ден 27.02.2008 година донел Заклучок со кој го овластил директорот на ЈСП Скопје за одредени Пресуди по добиени судски спорови со Министерството за одбрана да склучи Вонсудски спогодби за плаќање на рати и да одобри попуст од 15% на вкупно пресметаната камата. И покрај вака донесениот Заклучок, директорот на ЈСП Скопје пристапил кон склучување на Вонсудски спогодби за судски пресуди кои не се наведени во цитираниот Заклучок, одобрувајќи попуст од 40%, односно 50% од пресметаната камата. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на наведениот заклучок и член 31 став 1 алинеја 1 од Статутот на јавното претпријатие, кој уредува дека покрај другото директорот „го обезбедува спроведувањето на одлуките и заклучоците на Управниот одбор“. Наведеното постапување предизвикува намален прилив на парични средства на име приходи од камати за ненавремено плаќање во износ од 2.266 илјади денари и пречекорување на овластувањата од страна на директорот.

4.2.4. Со ревизијата на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места, пресметување и плаќање на платите и надоместоците ревизијата констатира одредени состојби кои укажуваат на недоследно почитување на законските и подзаконските прописи и тоа како што следува:

- Колективниот договор на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје содржи коефициенти за сложеност на трудот искажани во бодови, така што бодовите се дадени од прва до осма група и за секое работно место се конкретно определени, меѓутоа недостасува соодветен акт со кој ќе се одреди вредноста на бодот врз основа на кој ќе се изврши пресметката на основната плата на вработените;
- Правилникот за систематизација на работните места не содржи податоци за потребниот број на вработени/извршители за сите работни места и
- Правилникот за внатрешна организација не е усогласен со Статутот на ЈСП „СКОПЈЕ“ – Скопје во поглед на поставеноста

на основните организациони единици преку кои се остварува дејноста на претпријатието.

Непревземање на активности за уредување на горенаведените состојби предизвикува можност за субјективен пристап при одлучувањето за потребите од работна сила и утврдување на платите на вработените од страна на надлежните органи.

Во текот на 2009 година донесени се измени и дополнувања на Законот за работни односи со кој е уредено дека Општиот колективен договор за јавниот сектор е обврзувачки и за јавните претпријатија и утврдени се обврски за усогласување на колективните договори на ниво на гранка, оддел односно на ниво на работодавач.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да превземат мерки за: утврдување на најниската плата за најнизок степен на сложеност, утврдување на потребниот број на вработени по работни места и меѓусебно усогласување на интерните акти.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. Надлежните органи на ЈСП Скопје не превземале активности за пропишување и донесување на сметководствени политики при составувањето, презентирањето и обелоденувањето на финансиските извештаи на претпријатието започнувајќи со деловната 2005 година. Утврдената состојба не е во согласност со член 469 од Законот за трговските друштва, точка 7 и 20 од Правилникот за водење на сметководството, Меѓународен сметководствен стандард МСС-1 Презентирање на финансиски извештаи и точка 7 од Меѓународниот стандард за финансиско известување - 1 Првично усвојување на Меѓународните стандарди за финансиско известување кои ја уредуваат потребата од пропишување и донесување на сметководствени политики. Отсуството на пропишаните сметководствени политики создава можност финансиските извештаи на претпријатието да не бидат изработени во согласност со барањата утврдени во наведените стандарди, намалување на квалитетот на финансиските извештаи, релевантноста и веродостојноста на информациите кои ги обезбедуваат истите.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието да превземат мерки за формирање на работна група која ќе има обврски да изработи и предложи донесување на сметководствени политики кои ќе обезбедат усогласување на финансиските извештаи со сите барања на секој применлив МСС и МСФИ.

4.3.2. Не се превземени активности за правилно применување на утврдените барања согласно Правилникот за водење на сметководството, Меѓународен сметководствен стандард МСС 39, финансиски инструменти: признавање и мерење точка 35 и точка 85 од Рамката за подготвување и презентирање на финансиските извештаи согласно Меѓународните стандарди за финансиско известување, за начинот на признавање и депризнавање (вредносно усогласување) на краткорочните побарувања во финансиските извештаи. Наведените одредби бараат „претпријатието да изврши депризнавање/усогласување на побарувањата во услови кога ја губи контролата над истите“ односно е уредена веројатноста на идни економски користи, при што во услови на неизвесност на побарувањата, истите се признаваат како расход кој претставува очекувано намалување на идните економски користи. Не се превземени мерки за обезбедување на документи, дали е реално постоењето во финансиските извештаи на сметките побарување од купувачи и вредносно усогласување на побарувањата од купувачи, за истите да постапи согласно Правилникот за водење на сметководството и ги спроведе потребните промени во сметководствената евиденција, поради тоа што се однесуваат за субјекти кои веќе не постојат.

Извршено е евидентирање и презентирање вредносно усогласување на побарувањата на купувачите во износ од 769 илјади денари за побарувања кои не се евидентирани на сметката побарувања од купувачите и за износ од 1.545 илјади денари извршено е намалување на сметката вредносно усогласување на побарувањата од купувачите без притоа за овие побарувања претходно да биде искажано вредносното усогласување.

Непревземањето на потребните активности за усогласување на тужените/сомнителните и спорни побарувања во вкупен износ од 123.770 илјади денари и нивно соодветно евидентирање /вредносно усогласување, предизвикува нереално и необјективно искажување на наведените побарувања во трговските книги, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и

релевантноста и веродостојноста на информациите кои ги даваат истите.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење со претпријатието континуирано да ја следат состојбата на ненаплатените побарувања и по потреба (покрај комисијата за попис) да формираат комисија која ќе ја утврди фактичката состојба на наведените побарувања, ќе изготви извештај и предложи мерки за начинот на постапување и нивно отпишување.

4.3.3. Во текот на ревизијата беа испратени конфирмации заради усогласување на побарувањата и обврските искажани во билансните позиции. Од вкупно испратените 23 конфирмации до исто толку коминтенти добиени се 13 одговори, што претставува 56,52% од вкупно испратените, од кои 8 се потврдени односно 61,53% од пристигнатите а 5 не се потврдени односно 38,46%, додека 10 воопшто не одговорија што претставува 43,48% од испратените конфирмации, што оневозможува целосно да ја завршиме постапката на верификација на побарувањата и обврските по овие основи.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на претпријатието да пропишат политики и обезбедат нивно имплементирање во насока на континуирано усогласување на побарувањата и обврските со правните лица со кои имаат деловна соработка (коминтентите).

## 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки и тоа:

- извршени се набавки на стоки (хартија за печатење на билети) и услуги (печатарски) во износ од 9.983 илјади денари при што истите не се предвидени во Планот за јавни набавки за 2009 година, што не е во согласност со член 26 од Законот за јавни набавки кој уредува дека „договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година, со кој се определува очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка“ ;

- извршена е набавка на стоки (хартија за печатење за билети) во износ од 574 илјади денари, без да се спроведе постапка за јавна набавка;

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

4.4.2. Во известувачкиот период ЈСП на име приходи од закуп на рекламни површини на автобусите во финансиските извештаи искажува приход во износ од 14,148 илјади денари. За издавањето на рекламните површини (надворешни и внатрешни) на автобусите склучени се повеќе договори со кои се уредуваат меѓусебните права и обврски. Со ревизорските постапки за потврдување на искажаниот приход и увидот во договорите, ценовникот и фактурите, ревизијата утврди состојби кои не се во согласност со законските и подзаконските акти и тоа:

- На 10.01.2008 година донесен е Ценовникот за закуп на рекламни површини од страна на Управниот одбор на ЈСП Скопје за кој на ревизијата не и е презентирана согласност од Советот на Град Скопје. Утврдената состојба не е во согласност со член 11 од Законот за јавните претпријатија со кој е уредено дека покрај другото основачот на јавните претпријатија дава согласност и на „актот со кој се утврдуваат цените на производите и услугите што јавното претпријатие ги продава и врши за корисниците доколку таквите цени не се предмет на регулирање од страна на независно регулаторно тело“;
- Склучен е договор за деловна соработка (заеднички настап на пазарот со цел заокружен проект/единствена рекламна понуда) со правен субјект во кој утврдените цени се применуваат и при склучување на договори за рекламирање со останати клиенти. Вака утврдените цени не се одобрени од управниот одбор и за истите не е обезбедена согласност од основачот на ЈСП Скопје;
- Примената на цените дефинирани во претходниот договор за други комитенти на ЈСП за рекламирање во услови кога брендирањето во име на ЈСП го врши правниот субјект (од алинеја 2) има за ефект остварениот приход од продажбата на единствена рекламна понуда да е понизок од приходот кој би се остварил во услови на продажба само на закуп на рекламна

површина односно фактурирање по пониска цена на закуп од ценовникот.

- За извршената услуга за брендирање опишана во претходната алинеја помеѓу ЈСП Скопје и правниот субјект од алинеја 2 се склучува посебен договор за брендирање. Начинот на плаќање на извршените услуги (брендирање) по овие договори е договорен со компензација за кој се склучува дополнителен договор за закуп на рекламна површина на ист износ како што е вредноста на брендирањето. Со дополнителниот договор не е утврден бројот на автобусите, моделот и видот на рекламирањето. И покрај ваквата состојба ЈСП Скопје изготвува фактура во моментот на склучување на договорот иако момент на настанување на закупот на рекламниот простор се случува во нареден период за кој се склучуваат анекс договори;
- Со склучените анекси на правниот субјект наведен во алинеја 2 кој врши брендирање (а за извршената услуга му е отстапен рекламен простор) му е одобрен рабат во висина од 25-35% што е повисок од рабатот кој е дефиниран во Анекс број 1 кон основниот договор за деловна соработка, кој уредува дека „во случаите кога надоместокот, на делот на правниот субјект од алинеја 2 од цената за единствена рекламна понуда определена во член 1, став 1, ЈСП СКОПЈЕ го плаќа со отстапување на рекламни површини на своите автобуси на правниот субјект од алинеја 2 му одобрува рабат од 5%“;
- Во дел од склучените анекси на Договорот за огласување рекламни услуги на автобусите на ЈСП СКОПЈЕ и правниот субјект од алинеја 2, вредноста на отстапениот рекламен простор во автобусите се искажува во апсолутна цифра без притоа да биде јасно наведена висината на одобрениот рабат, повикувајќи се на член 4 од основниот договор без притоа да се има во предвид одредбите на анексот на наведениот договор, со кој висината на рабатот е намалена;
- Не постои интерен акт за дефинирање на потребните евиденции во постапките за закуп на рекламна површина (закупени автобуси и период на закуп);
- Фактурирањето кон правниот субјект од алинеја 2 за извршен закуп на рекламни површини на автобусите на ЈСП СКОПЈЕ не се врши на вкупната вредност утврдена со договорот, односно вредноста на фактурата се намалува за износи кои се еднакви на вредноста на неискористено право на рекламна површина дефинирани со други договори;
- За одредени корисници (електронски и пишани медиуми и сојузи од областа на сообраќајот) на рекламни површини на

автобусите на ЈСП Скопје, предвидено е плаќањето да се изврши со компензација со трошоци за извршени рекламни услуги во корист на ЈСП Скопје. Со вакviот начин на плаќање на услугите се врши нарушување на принците на конкуренција помеѓу економските оператори; еднаков третман и недискреминација на економските оператори; транспарентност и интегритет во процесот и рационално и ефикасно искористување на средствата;

Погоренаведените состојби не се во согласност со одредбите на склучените договори и Правилникот за водење на сметководството, Меѓународен сметководствен стандард МСС 18-Приходи, точка 20 и 21 во кои е уредено дека признавањето на приходите се врши „ во сметководствениот период во кој што се обезбедени услугите“.

Утврдените состојби предизвикуваат давање на рекламни површини по цени кои не се утврдени од надлежните органи, одобрување на повисок процент на рабат и неможност од потврдување на приходот по овој основ, односно ревизијата не може да добие разумно уверување во целосноста, вреднувањето и презентирањето на приходот од закуп на рекламни површини на автобусите во ЈСП.

За надминување на утврдената состојба а со тоа и зголемување на приходот по овој основ во текот на 2010 година, Управниот одбор донесува одлука за објавување на јавен оглас за давање под закуп на рекламни површини (внатрешни и надворешни) на 200 автобуси на ЈСП.

До денот на известување за извршената ревизија, од надлежните органи при ЈСП Скопје по наведениот оглас, донесена е одлука за избор на најповолна понуда за закуп на внатрешните површини, а за надворешните површини не е извршен избор.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење во јавното претпријатие да превземат активности за преоценување на утврдените услови и критериуми за давање под закуп на рекламни површини (надворешни) на автобусите на ЈСП-Скопје, по критериуми дефинирани во ценовникот на ЈСП, создавајќи можност и услови за учество на поголем број закупувачи и да пропишат процедури за начинот на поставување.

4.4.3. На позицијата дневници за службени патувања и патни трошоци во странство евидентирани се средства во износ од 1.431 иљада денари за извршени патувања во странство. Во приложените документи за оправдување на извршените службени патувања не е презентиран и приложен соодветен писмен акт (решение за извршување/одобрување на службеното патување) од надлежниот орган за одобрување на службеното патување. Утврдената состојба не е во согласност со член 5 од Уредбата за издатоците за службени патувања и селидби во странство што на органите на државната управа им се признаваат во тековни трошоци и член 27 став 1 алинеја 11 од Статутот на Јавно сообраќајно претпријатие Скопје, кои упатуваат на потреба од изготвување на соодветен акт од надлежниот орган за службените патувања во странство. Непочитувањето на наведените акти предизвикува субјективен пристап во утврдување на потребата од одредени патувања во странство и можност од ненаменско и незаконско користење на средствата.

**Препорака:**
Надлежниот орган за раководење со претпријатието да пропише процедура за начинот на планирање и одобрување на службените патувања во странство како и потребните документи за оправдување на потребните средства за истите.

## 5. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2.3.; 4.3.2. и 4.4.2. е потценување на приходот од камати во Билансот на успех за износ од 2.226 иљади денари, преценување на побарувањата од купувачите за 123.770 иљади денари во Билансот на состојба и несигурност во целосноста, вреднувањето и презентирањето на приходот од закуп на рекламна површина.

### Мислење - за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2.1. до 4.3.2. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје ц.о. Скопје на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење - за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2.1. до 4.4.3., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје ц.о. Скопје не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

6.1. ЈСП Скопје во континуитет остварува негативен финансиски резултат, вклучувајќи ги и информациите за првите три месеци од 2010 година (содржани во Извештајот за остварените резултати од работењето на ЈСП Скопје во периодот јануари-март 2010 година) кои укажуваат дека претпријатието за првите три месеци бележи негативен финансиски резултат од 20.554 илјади денари, за кој како една од причините преставува намалувањето на субвенциите од страна на надлежните органи. Имајќи ја во предвид наведената состојба и состојбата на средствата и опремата со која располага јавното претпријатие а се со цел извршување на дејноста од јавен интерес „јавен градски и приградски превоз“ да се извршува со соодветен квалитет, основачот на јавното претпријатие (Советот на Град Скопје) потребно е да превземе мерки за надминување на состојбите во претпријатието, вклучувајќи го и субвенционирањето на работењето на јавното претпријатие.

6.2. Во текот на 2010 година, за обнова на возниот парк на ЈСП Скопје Министерството за транспорт и врски на Република Македонија склучува два договори за набавка на 80 новопроизведени соло и 4 новопроизводни зглобни автобуси и 202 двокатни автобуси од кои 200 новопроизведени нископодни од затворен тип и 2 новопроизведени нископодни од отворен тип за градски сообраќај. Доделувањето на наведените автобуси на ЈСП Скопје и нивното ставање во употреба (на претходно наведените автобуси) во идниот период ќе создадат услови за обновување на возниот парк со кој ја извршува дејноста од јавен интерес ЈСП Скопје и подобрување на условите во кои ги дава услугите јавното претпријатие. Според податоците кои ги презентира ЈСП Скопје на денот на известување од извршената ревизија јавното претпријатие располага со 357 автобуси за линиски превоз и 6 туристички автобуси односно вкупно 363 автобуси.

6.3. Во текот на 2006 година, Министерството за финансии доставило писмено известување до Централниот депозитар на хартии од вредност со листа на акции кои се предмет на продажба по пат на берзанска аукција на Берзата на 05.05.2006 година. Во листата на акции се и 9.204

акции на ЈСП Скопје чија номинална вредност е 1.000 денари без притоа Министерството за финансии да го има фактот дека ЈСП Скопје не е во државна сопственост и дека право на располагање над акциите има ЈСП односно неговиот основач (советот на Град Скопје). На ден 09.11.2006 година Управниот одбор на ЈСП Скопје донел Заклучок за преземање на активности за враќање во првобитна состојба на одземените акции. ЈСП Скопје повеќе пати со писмено барање се обраќа до Министерството за финансии за расчистување на состојбите, но не е добиен позитивен одговор. На ден 18.11.2007 година ЈСП Скопје има поднесено тужба против Република Македонија - Министерство за финансии со која тужба бара да му се надомести штета во износ од 74.480 илјади денари која е еквивалентна на постигнатата највисока цена во периодот на продажбата на акциите.

6.4. ЈСП Скопје во сметководствената евиденција заклучно со 31.12.2009 година на име обврски спрема државата по основ на кредити, гаранции и камати искажува 106.470 илјади денари и тоа:

- обврски по кредит за увоз на опрема чија набавка се финансира од помошта на Јапонија доделена на Република Македонија од 1997 година, во износ од 16.224 илјади денари за кој кредит како обезбедување на паричното побарување е укнижено заложно право на градежниот објект автобаза „Ѓорче Петров“ во корист на Компензациониот фонд со странска помош Јапонија и истиот е со рок на враќање до 2000 година;
- обврски за платена гаранција за кредит од Лондонска банка во износ од 64.818 илјади денари со важност до 20.08.1997 година за која има судска пресуда III ПС бр.738/03 од 11.11.2004 година;
- обврски на име процесна камата и провизија за активирање на гаранцијата во износ од 3.000 илјади денари и
- обврски за позајмена нафта од Бирото за стокови резерви и тоа 453.099 литри во износ од 22.428 илјади денари за што во тек е судска постапка;

Заради влошената финансиска состојба (неповолна солветност) ЈСП Скопје не ги измирува претходно наведените обврски. Ваквата состојба може да предизвика отуѓување на дел од имотот на ЈСП Скопје, зголемување на обврските на име камати и намалување на квалитетот во извршувањето на дејноста од јавен интерес.

За надминување на настанатата состојба менаџментот на претпријатието на 15.10.2008 година доставил допис до Владата на РМ со барање за отпис на обврските и формирање на работна група за надминување на настанатата состојба.

6.5. На 02.06.2008 година добиена е правосилна судска Пресуда според која ЈСП Скопје на тужителот (правен субјект/добавувач) треба да му исплати главен долг за неплатени фактури од 2004 и 2005 година во вкупен износ од 18.380 илјади денари и камата сметано од денот на настанување на должничко доверителскиот однос до денот на плаќање на истата. Според наводите во Пресудата е констатирано дека по ограничен повик во 2003 година во период од 02.12.2003 година до 22.07.2004 година склучени се 12 договори за набавка на резервни делови. Согласно член 3 од договорите бил предвиден начин на плаќање на купопродажната цена во 50% со отстапување на побарувања од должници на купувачот наведени во договорите, а 50% вирмански. Економскиот оператор не бил во можност да го наплати дел од отстапените побарувања, а должниците на ЈСП Скопје не ги прифатиле неговите договори или пак немале обврски спрема ЈСП, со што ЈСП Скопје не ги подмирил своите обврски према економскиот оператор. Поради непочитување на утврдените одредби во договорите за начинот на плаќање надлежниот суд пресудил во корист на добавувачот.

На име затезна камата, судски трошоци и трошоци на извршителот пресметани се обврски во износ од 12.310 илјади денари.

За наведената пресуда склучена е Спогодба на ден 05.09.2008 година со што вкупните обврски се измирени заклучно со 15.06.2009 година.

6.6. Со извршениот попис под 31.12.2009 година на предлог на пописната комисија, Управниот одбор носи Одлука заведена под број 02-65/4 од 28.01.2010 година за отпис на побарувања во износ од 5.000 илјади денари од Град Скопје кои според евиденцијата на ЈСП Скопје не се наплатени во изминатиот период. Пописната комисија ги предложила овие побарувања за отпис по составениот Записник со Градот Скопје на ден 07.05.2009 година во кој е констатирано дека книговодствената состојба во ЈСП Скопје е поголема за 5.000 илјади денари која Град Скопје во целост ја оспорува. Во текот на 2006 година е добиено известување број 08/служ од 16.10.2006 година со кое Градот го известува Управниот одбор дека меѓусебни усогласувања имало и во претходните година, но не биле прифатени од двете страни. Кон известувањето од страна на Градот е приложена цесија од 05.11.1996 година според која паричните средства по истата се префрлени на друг правен субјект. На ревизијата не се презентирани документи од кои може да се констатира дека ЈСП Скопје и правниот субјект имаат должничко доверителни односи. Утврдената состојба создава сомнеж за одлевање на средства на друг субјект без настанат должничко доверителен однос и намалување на ликвидноста на јавното претпријатие.

6.7. ЈСП Скопје како тарифен потрошувач на природен гас непосредно е приклучен на систем за пренос на природен гас и природниот гас го купува по пропишани тарифни ставки. Согласно член 9 став 1 тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи, снабдувачот на тарифни потрошувачи склучува договор за снабдување со природен гас во рамките на кој се уредуваат количините и динамиката на испорака на природен гас и другите услови помеѓу снабдувачот и потрошувачот.

Дозволената граница на отстапување за испорачана т.е. превземена количина е утврдена во Тарифниот систем за пренос на природен гас и Мрежни правила за пренос на природен гас и тоа :

- во случај кога вкупно пренесената количина е пониска од 80% од договорената годишна количина, надоместокот за пренос кој што треба да го плати корисникот не може да биде помал од износот кој би го платил за пренос од 70% од договорената годишна количина.
- Во Мрежни правила за пренос дефинирани се дозволени отстапувања на пренесените количини да изнесуваат +-10% кои ќе се применуваат од 01.01.2011 година.

ЈСП Скопје за воведување на природниот гас како погонско гориво во 2004 склучува договор за деловна техничка соработка со Макпетрол со кој договор Макпетрол има обврска да монтира опрема во рамките на ЈСП. Во 2006 по целосното монтирање на опремата за користење и експлоатација на монтираните инсталации, уреди, постројки и опрема на станицата за снабдување на моторните возила со компримиран природен гас (ЦНГ) и продолжувајќи ја успешната деловна соработка склучуваат нов договор со Макпетрол за користење и одржување на инсталации, постројки и опрема за снабдување со компримиран природен гас согласно кој ЈСП е обврзан да плати надоместок за користење и експлоатација на (ЦНГ) станицата во износ од 2, 537 денари за секој Нормален метар кубен(Нм3) природен гас.

За 2006 година договорената количина изнесува 1.278 илјади нм3 (30 автобуси по 3.5 илјади Нм3дневно х 365 дена) а од наредните години количината е предвидена во годишните Договорите за снабдување со природен гас. Во 2006 година реално е превземена количини од 175 илјади нм3 (пресметано 120 илјади кг. со коефицинет 1,464);

Како резултат на помалку превземената количина на природен гас од законски дозволената граница на отстапување од страна на снабдувачот фактуриран е надоместок за пренос и надоместок за експлатација на ЦНГ опрема во износ од 2.799 илјади денари кои ЈСП не ги признава и нема евидентирано трошок и обврска за плаќање, поради што правниот субјект кој врши снабдување на природен гас (Макпетрол) покренува судски спор.

Во 2009 донесена е пресуда со која ЈСП Скопје има обврска да плати на име главен долг 2.799 илјади денари и законска затезна камата до денот на исплатата.

Во изминатиов период ЈСП Скопје има склучено годишни договори за снабдување со природен гас при што за 2009 година обврзан е исклучиво за свои потреби да преземе количина од 450 илјади нм3 годишно а за 2010 количината изнесува 560 илјади нм3. Преземената количина за 2009 година изнесува 308 илјади нм3.

Ваквиот начин од една страна на планирање на потребното ниво на потребните количини на природен гас и од друга страна реалните можности и капацитети за превземање на природниот гас создава ризик и неизвесност од создавање на дополнителни обврски за плаќање кон снабдувачот со природен гас на надоместок за: пренос на природен гас и експлоатација на ЦНГ станицата за неискористени или повеќе искористени количини од утврдените со договорот за снабдување.

Скопје, 24.09. 2010 година

**БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2009 ГОДИНА**

| | | во 000 Ден. |
|---|---|---|
| **ОПИС** | **2009** | **2008** |
| Приходи од продажба | 917,822 | 921,294 |
| Приходи врз основа на употреба на сопствени производи, стоки и услуги | 1,876 | 1,671 |
| Останати деловни приходи | 86,181 | 175,536 |
| **Вкупни приходи од оперативно работење** | **1,005,879** | **1,098,501** |
| | | |
| Материјални трошоци | 338,732 | 417,036 |
| Трошоци за бруто плати | 604,744 | 441,299 |
| Амортизација и вредносно усогласување на долгорочни средства | 19,658 | 24,446 |
| Вредносно усогласување на на краткорочни средства | 7,955 | 32 |
| Останати оперативни трошоци | 80,738 | 208,644 |
| **Вкупно трошоци од оперативно работење** | **1,051,827** | **1,091,457** |
| | | |
| Приходи од камати, курсни разлики и слични приходи | 4,040 | 1,349 |
| Расходи по основ на камати, курсни разлики и слични расходи | 167 | 13,263 |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ОД РЕДОВНО РАБОТЕЊЕ** | **(42,075)** | **(4,870)** |
| | | |
| **ДОБИВКА/ЗАГУБА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | **(42,075)** | **(4,870)** |
| | | |
| **Данок од добивка** | **1,319** | **-** |
| | | |
| **НЕТО ДОБИВКА/ЗАГУБА** | **(43,394)** | **(4,870)** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ**

| | | во 000 Ден. |
|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства и хартии од вредност | 30,850 | 64,193 |
| Побарувања по основ на продажба | 161,056 | 150,636 |
| Побарувања од поврзани субјекти | 1,833 | 2,898 |
| Други краткорочни побарувања | 1,029 | 731 |
| Платени трошоци за идните периоди | 7,439 | 3,555 |
| Побарувања за дадени аванси, депозити и кауции | 2,717 | 2,994 |
| Залихи | 49,199 | 50,825 |
| **Вкупно тековни средства** | **254,123** | **275,832** |
| | | |
| **Нетековни средства** | | |
| Нематеријални и материјални средства | 296,370 | 308,147 |
| Долгорочни финансиски вложувања | 28,448 | 28,448 |
| **Вкупно нетековни средства** | **324,818** | **336,595** |
| **Вкупна актива** | **578,941** | **612,427** |
| | | |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Обврски спрема добавувачите | 117,406 | 105,148 |
| Примени аванси, краткорочни депозити и кауции | 198 | 257 |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | 106,368 | 115,467 |
| Останати краткорочни обврски | 294,349 | 295,994 |
| Одложени плаќања на трошоци | 33,883 | 26,194 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | **552,204** | **543,060** |
| | | |
| **Нетековни обврски** | | |
| Долгорочни обврски | 81,806 | 81,042 |
| | | |
| **Капитал и резерви** | | |
| Капитал | 53,296 | 53,296 |
| Ревалоризациона резерва | 15,780 | 15,780 |
| Резерви | 8,840 | 8,840 |
| Пренесена загуба | 89,591 | 84,721 |
| Загуба за финансиска година | 43,394 | 4,870 |
| **Вкупно капитал и резерви** | **(55,069)** | **(11,675)** |
| **Вкупна пасива** | **578,941** | **612,427** |

**П Р Е Г Л Е Д**
**ПРОМЕНИТЕ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ЗА 2009 ГОДИНА**

| О П И С | Капитал | Резерви | Ревалоризациона | Пренесена загуба | Загуба од финансиската година | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2009 година** | **53,296** | **8,840** | **15,780** | **(84,721)** | **(4,870)** | **(11,675)** |
| Загуба за финансиска година | | | | | (43,394) | **(43,394)** |
| Пренесена загуба од претходен период | | | | (4,870) | 4,870 | **-** |
| **Состојба 31.12.2009 година** | **53,296** | **8,840** | **15,780** | **(89,591)** | **(43,394)** | **(55,069)** |

**ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИОТ ТЕК ЗА 2009 ГОДИНА**

| | во 000 Ден. |
|---|---|
| | **2009/2008** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ОПЕРАТИВНО РАБОТЕЊЕ** | |
| **НЕТО ДОБИВКА ПРЕД ОДАНОЧУВАЊЕ** | (43,394) |
| Трошоци кои не повлекуваат користење на обртни средства: | |
| Амортизација | 19,658 |
| Приходи од задршки од плата | (2,344) |
| Расходи од отпис на побарувања и кусоци | 1,025 |
| Неотпишана вредност на отуѓени и отпишани средства | 261 |
| Данок од добивка | 1,319 |
| **Готовински текови од работење** | **(23,475)** |
| Побарувања по основ на продажба | (10,420) |
| Побарувања од поврзани субјекти | 1,065 |
| Други краткорочни побарувања | (298) |
| Платени трошоци за идните периоди | (3,884) |
| Побарувања за дадени аванси депозити и кауции | 277 |
| Залихи | 1,626 |
| Обврски спрема добавувачи | 12,258 |
| Примени аванси, депозити и кауции | (59) |
| Краткорочни обврски спрема поврзани субјекти | (9,099) |
| Останати краткорочни обврски | (1,645) |
| Одложени плаќања на трошоци | 7,689 |
| **Нето готовински текови од оперативно работење** | **(25,965)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ИНВЕСТИЦИОНО РАБОТЕЊЕ** | |
| Нематеријални и материјални вложувања | (8,142) |
| **Нето готовински текови од инвестиционо работење** | **(8,142)** |
| **ГОТОВИНСКИ ТЕКОВИ ОД ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ** | |
| Обврски по долгорочни кредити | 764 |
| **Нето готовински текови од финансиско работење** | **764** |
| **НЕТО ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА** | **(33,343)** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА ПОЧЕТОКОТ НА ГОДИНАТА** | **64,193** |
| **ПАРИЧНИ СРЕДСТВА НА КРАЈОТ НА ГОДИНАТА** | **30,850** |

ДО

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Примено: 12.08.2010
Орг. единица
11 - 190/9

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул.-Македонија-12/3-Скопје

ЗАБЕЛЕШКИ

по Нацрт извештајот за извршената ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност на ЈСП- ц.о.-Скопје за 2ОО9 година

Од Бошковиќ Александар-во својство на поранешен Директор-односно како одговорно лице во поголем дел од периодот кога е вршена ревизијата.

Врз основа на доставениот Нацрт извештај а во согласност со чл.30 т.2 од Законот за државната ревизија- во законски дозволениот рок доставувам свои забелешки кои сметам ќе бидат разгледани од Ваша страна и во зависност од својата оправданост ќе бидат основ за изготвување на конечен ревизорски извештај во согласност со ревизорските стандарди и правилата утврдени со Кодексот на етика на ИНТОСАИ.

Забелешките ги давам по следниот редослед-

1. Согласно фактот дека сум на работа во ЈСП-како советник на Директорот-сметам дека недоволно бев искористен во дообјаснување на одредени области-прашања кои се предмет и од значење за вршење на ревизијата а воедно не ми е јасно од кои причини не бев повикан и на завршниот состанок одржан на 22-06-2010год.
2. По однос на изразеното негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и негативно мислење во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2ОО9 год.сметам дека е доста строго констатирано-со оглед на фактот дека особено на овие два елемента се водела посебна грижа со цел да овие елементи бидат објективни,законити и вистинито да ја преставуваат финансиската слика и реалноста во која егзистира и работи ЈСП.
3. Не ми е јасно врз основа на кои правно релевантни факти е констатирано во 4.2.1.од Нацрт извештајот дека во ЈСП е искажан Државен јавен капитал во износ од 53.296 илјади денари.
4. Заклучокот на Управниот одбор од 27-02-2008 год. во 4.2.3.од Нацрт извештајот ми е презентиран на 15-07-2010 год.при што морам да појаснам одредени правно релевантни факти за улогата на Директорот-како раководно и одговорно лице во јавно претпријатие,и тоа-

   -Директорот како орган на раководење се именува врз основа на јавен конкурс и има неограничени овластувања и одговорности,што значи во случаеви да има одредени ограничувања истото записнички се констатира и преставува правен основ за намалување на овластувањата на Директорот.

   -Директорот работи исклучиво врз основа на овластувањата и надлежностите нормирани во Законот за трговски друштва,Законот за јавни претпријатија,Статутот на ЈСП и менаџерскиот договор склучен со Градоначалникот на Град Скопје.

-Обезбедува спроведување на одлуки и заклучоци на Управниот одбор-како орган на управување во ЈСП –при што морам да ја истакнам беспрекорната и успешна соработка со овој орган како и безрезервната подршка што ја имав од овој орган во разрешување на повеќе финансиски и деловни проблеми со оглед на фактот да ЈСП во континуитет остварува негативни финансиски резултати-што преставува основна пречка за редовна исплата на плата и соодветни средства за редовна егзистенција.

-Градење на успешна финасиска политика во целосна согласност со добри сметководствени проценки-разумни во дадените околности,планирани намени,добра проценка на ризикот од ефективноста од севкупниот финансиски ефект,севкупното деловно работење и воспоставени политики а поготово со деловни партнери со кои се актуелни сомнителни и спорни побарувања.

-Во врска со предметниот заклучок од февруари 2008 год.само напоменувам дека како акт е со строго дефинирани одредби и е правосилен само за одредени предмети и побарувања направени до почетокот на 2008 год.-при што напоменувам дека за поголем дел од наведените побарувања се водат и се во тек судски постапки со неизвесен завршеток како по основ на главен долг-така и по основ на камата а додека за помал дел реализирани се вонсудски спогодби во 2008 год.и мал дел во 2009 год.

-Согласно фактот дека ревизијата е строго децидна и се однесува за период 2009 год.,под полна,морална,материјална и кривична одговорност ви тврдам дека во текот на 2009 год. се склучени само 3 Вонсудски спогодби со Министерството за одбрана и тоа за судски предмети и побарувања-кои 90% не се предвидени со предметниот Заклучок-што значи нема никакви ограничувања на овластувањата на Директорот што резултира со фактот дека во овие случаеви не станува збор за пречекорување на овластувањата.

-Само ќе напоменам дека за одобрениот попуст на каматите од 40% се раководев од одредени разумни финансиски проценки,првенствено од-

-се работи за спорни и неутврдени побарувања за главен долг а камоли исплата на соодветна камата- кои не биле поткрепени со соодветни договори-при што ф-рите редовно ни се враќани-што е впрочем наведено и како правен основ за вонсудско решавање во самите спогодби.

-се работи за деловен партнер кој во изминатиот период ни бил најдобар купувач на колективни билети-како основен извор на средства за егзистенција на ЈСП.

-се работи за деловен партнер со кој се водат судски постапки со неизвесен завршеток и спорни побарувања од преку 150.000.000,оо ден.кој во краен случај е буџетар-односно ограничен со средства за сомнителни и спорни главни долгови а во никој случај и средства за исплата на камати.

-се работи за финасиски трансакции по кои наплативме средства од овој деловен партнер од преку 38.000.000,оо по основ на главен долг и околу 4.000.000,оо ден.по основ на камата-но ефектите во финансиска смисла ќе бидат поголеми со завршувањето на одредени судски предмети-

бидејќи вонсудското решавање во правото значи правен основ дека од наша страна се извршени соодветни превози и правно релевантен доказ и факт за позитивно разрешување на одредени постапки во одсуство на писмени договори за превоз.

-и на крај проценката дека главниот долг ќе биде и е исплатен веднаш по потпишување на спогодбите како и приходот од преостаната камата кој е наплатен се доволен правно релевантен факт дека истите се во целосна економска корист за ЈСП - со оглед на податокот дека каматите како пресметан приход се земаат во предвид по фактичкиот принос на средствата

-на крај,само сум должен да појаснам дека согласно сето горенаведено во овој случај нема никакво намалување на приливот на парични средства на име приходи од камати-туку наплата на спорни и неутврдени побарувања од економска корист за ЈСП.

Останувам со посебна почит спрема Вас како државна институција и Ваше е да оцените или во краен случај утврдите дека во дејанијата кои сум ги реализирал како одговорно лице постои пречекорување на овластувања или намален прилив на средства ако се знае податокот дека во мојот период на одговорност заедно со менаџерскиот тим обезбедивме додатни средства (освен редовните од продажба на карти и превознички услуги) од преку 190.000.000,оо денари.

Скопје,7-08-2010 година

Забелешки дал-лично-

-------------------------------------

/Бошковиќ Александар/

ЈСП СКОПЈЕ
NQP SHKUP

**ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ СКОПЈЕ – Скопје**
**NDËRMARRJA QARKULLUESE PUBLIKE SHKUP**

Бул. Александар Македонски 10
Поштенски фах 50
Жиро сметка 300000000232933
Даночен број 4030955261454
Телефони: централа 3174-264
Продажна служба 3234-573
Набавна служба 3174-266, 3174-263, 3174-248

Телефакс 3174-266, 3174-260, 3174-265

Скопје , 12.08.2010 год.

До: ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
Ул. Македонија 12/3
1000 Скопје

Наш знак 03-1201/1

Ваш знак

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

| Примено: | 12.08.2010 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 190 | 10 | |

**Предмет:**
ДОСТАВА НА ЗАБЕЛЕШКИ ПО НАЦРТ РЕВИЗОРСКИОТ ИЗВЕШТАЈ ОД ИЗВРШЕНАТА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ НА ЈСП СКОПЈЕ ЗА 2009 ГОДИНА

Почитувани,

Во прилог ги доставуваме забелешките на Нацрт ревизорскиот извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈСП СКОПЈЕ за 2009 год.

Со почит,

ЈСП СКОПЈЕ
Директор

---------------------
Мр. Мишо Николов

ЗАБЕЛЕШКИ ПО НАЦРТ ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

Почитувани,

На 13.07.2010 година ЈСП СКОПЈЕ од Државниот завод за ревизија го прими Нацрт ревизорскиот извештај од извршената ревизија на финансиските извештаи на ЈСП СКОПЈЕ за 2009 година.
Согласно член 30 став 2 од Законот за државната ревизија (Сл. весник на РМ бр. 66/2010) Јавното сообраќајно претпријатие СКОПЈЕ ги дава следните забелешки на Нацрт ревизорскиот извештај:

1. Резиме
   Престрого резиме во однос за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и усогласеноста со законските прописи во финансиските трансакции. Негативното мислење е генерализирано и се однесува на севкупното работење на претпријатието, а фактички базира на три сегменти предизвикани од надворешни фактори:
   1.1. Не е утврден основачки влог
   1.2. Не се создадени услови за подмирување на обврските за ДДВ према Буџетот на РМ
   1.3. Не е извршено вредносно усогласување на тужени, сомнителни и спорни побарувања

<u>Образложение</u>

1.1. Не е утврден основачки влог
(точка 4.2.1.)

Државната ревизија констатира дека Собранието на Град Скопје при донесувањето на Одлуката за организирање на Јавно сообраќајно претпријатие не го навело износот на средства, односно оснивачкиот влог.
Ова укажува дека неутврдувањето на оснивачки влог е пропуст на оснивачот – Град Скопје и е елемент кој влијае капиталот на ЈСП да има негативно салдо (- 55.069 илјади денари).
ЈСП во изминатите години повеќе пати безуспешно укажува на негативната состојба во Билансот на состојба, а УО на ЈСП донесува одлуки оснивачот да изврши докапитализација на претпријатието.
Доказ:
-Одлуки на УО за покривање на загубите по Годишната сметка на ЈСП за 2008 и 2009 година.
-Барање субвенции од Буџетот на Град Скопје за 2008 год.
-Барање за доплонителни субвенции со ребалансот на Буџетот на Град Скопје за 2009 год.

1.2. Не се создадени услови за подмирување на обврските за ДДВ према Буџетот на РМ
(точка 4.2.2.)

ЈСП во 2009 год. има акумулиран долг по основ на ДДВ кој произлегува од неможноста од навремено измирување на данокот по зголемувањето на стапката на ДДВ од 5% на 18% од 01.04.2003 год. Вообичаена пракса во светот е јавниот градски превоз да биде оданочен со повластена стапка или ослободен од обврската за ДДВ. Наспроти ова во РМ во 2003 г. се воведе општата стапка за ДДВ во јавниот превоз што на работењето на ЈСП делуваше катастрофално – намален број патници, намален приход, зголемена даночна обврска, во услови на сива економија и нелојална конкуренција (целосно фискализирана продажба во ЈСП наспроти паушал за конкуренцијата која не издава фискализиран билет или фискална сметка). Долгот по основ на ДДВ е акумулиран од 2003 г. до 2007 г. кога од 28.09.2007 год. е вратена бенефицираната стапка за јавниот превоз.
Во текот на 2007 и 2008 год. по пат на присилна наплата на даночно побарување по основ ДДВ, УЈП од претпријатието заплени основни средства и побарувања во вкупен износ од 8.423.672 ден., со кои наплати такси за ненавремено плаќање.
Практично е невозможно при намалена солвентност и ликвидност на претпријатието, што ги потенцира и државната ревизија, да се измири акумулиран даночен долг, а при тоа да не се наруши тековното работење и извршување на дејноста од јавен интерес – јавен градски и приградски превоз.

Извештајот на државната ревизија се однесува на работењето во 2009 год. кога ЈСП како даночен обврзник ги подмирува тековните обврски за ДДВ и согласно можностите врши исплати на дел од главниот долг. Во 2009 год. по основ на ДДВ вкупно се платени 15.467.563 денари, од кои 12.283.828 ден. по основ поврат на ДДВ, а 3.183.735 ден. се вирмански плаќања. Во 2008, 2009 и првите шест месеци од 2010 год. ЈСП има вкупно платено по основ ДДВ 45.440.634 ден., со што е подмирен главниот долг настанат во 2003 год. и дел од долгот настанат во 2004 год.
Доказ:

-Финансиска картица за обврски по аконтативна пресметка на ДДВ за 2008, 2009 и прво полугодие 2010 год.

Самата ревизија констатира дека во 2009 г. немало создадено услови за подмирување на обврската за ДДВ и дека тој проблем во 2010 г. е надминат со донесување на Законот за плаќање на рати на даночните долгови на јавните претпријатија, со што ЈСП обезбедува обврската за ДДВ да ја плаќа на рати со грејс период од 36 месеци, заклучно со 12.02.2013 г., со право на отпис на каматата.

ЈСП во сите финансиски документи и извештаи максимално транспарентно ја искажува обврската за ДДВ и укажува на неопходноста од системско решавање на проблемот во интерес на државата, граѓаните и претпријатието.

1.3. Не е извршено вредносно усогласување на тужени, сомнителни и спорни побарувања (точка 4.3.2.)

Ревизијата констатира дека ЈСП има 132.892 илјади денари сомнителни и спорни побарувања кои ги нема сведено на нето ревализациона вредност, при што е земен збир на конта 12001, 12023 и 12024. За конто 12001 направен е превид со оглед дека е земен износ од 11.702.969 ден. наместо 1.805.434 ден. Разликата од 9.897.535 ден. е книжена на сомнителни и спорни побарувања и за истата е извршена исправка. Според ова износот во нацрт извештајот од 132.892 илјади денари треба да се корегира на 122.994 илјада денари.

Да се елиминира негативниот ефект од отписот на сомнителните и спорни побарувања со Годишната сметка за 2009 год., беше неопходно Градот во 2009 год. да исплати 250.000 илјади субвенции на ЈСП. Поради економската криза и намалениот прилив на средства во градскиот буџет, од доделените 100.000 илјади денари во Буџетот за 2009 год. со ребалансот на Буџетот средствата се намалени на 80.000 илјади, а на ЈСП му се исплатени 60.000 илјади денари. Со овој износ на субвенции ЈСП во 2009 г. оствари загуба од тековното работење во износ од 43.394 илјади денари.
За елиминирање на негативниот ефект од отписот на овие побарувања постоеше иницијатива за нивно решавање по пат на пребивање на меѓусебните побарувања и обврски помеѓу ЈСП и државните институции.
Побарувањата во најголем дел се однесуваат на превози на внатрешно раселените лица кои користеле превоз без надомест во автобусите на ЈСП, за што до претпријатието се доставувани заклучоци од Влада на РМ за потребата од продолжување на овој вид превоз. Дел од побарувањата се однесуваат и на превози на вработените во МО. Ресорните министерства избегнувале обврската да ја регулираат со потпишување на договор и плаќање на фактури. За разрешување на проблемот ЈСП во повеќе наврати ја има информирано Владата на РМ, која има донесувано заклучоци за формирање комисии со цел решавање на проблемите на взаемните побарувања и обврски.
На иницијатива на ЈСП Владата на РМ повторно го разгледува барањето за спогодбено решавање на проблемите и на Триесет и втората седница одржана на 23.11.2008 год. по известувањето од МФ во кое се дава поддршка на предлогот за формирање на работна група за таа намена, го задолжува Министерството за финансии како координатор на Работна група, со претставници на Министерството за одбрана и ЈСП Скопје да достави информација за меѓусебните побарувања и обврски, со цел изнаоѓање взаемно решение на проблемите.
Доказ:

-Барање до Влада на РМ бр. 11-1361/1 од 15.10.2008

-Известување од МФ до Влада на РМ бр. 07-40285/2 од 18.11.2008

-Извадок од Нацрт – записникот на 32-та седница на Влада на РМ бр.19-5223/1 од 24.11.2008

-Известување од Генерален секретар на Влада на РМ бр. 23-3827/1-04 од 24.01.2005 во кој се констатира дека на ЈСП му се исплатени средства за превози на раселени лица

во износ од 100.327.705,80 ден., дека по тој основ остануваат за плаќање уште 87 милиони денари (кои до денес ЈСП не ги добил) и дека потребата за тие превози останува и понатаму, поради што надлежното министерство по пат на договор со ЈСП да го регулира ова прашање (што исто така не е испочитувано).

За реалноста, вистинитоста и основаноста на нашите побарувања говори и фактот што во 2010 год. ЈСП има добиено судски извршни решенија по пресуда XIII ТС БР.1492/07 против Министерство за одбрана во вкупна вредност од 81.751.184 денари главен долг со камати и пресуда IX ПС БР.2282/07 на износ од 2.500.000 ден. главен долг со камати.
Доказ:
-Пресуда XIII ТС БР.1492/07
-Пресуда IX ПС БР.2282/07

Со ова се потврдува издржаноста на барањата на ЈСП за благовремено пребивање на меѓусебните побарувања и обврски, со што би се избегнало дел од буџетските средства да бидат наменети за затезни камати по извршни судски решенија.

Во сите финансиски извештаи, извештаи од работењето и бројните барања упатувани до Градот и државните органи и институции, ЈСП максимално објективно и транспарентно ја прикажува состојбата со побарувањата и обврските спрема државата и предлага можни начини за нивно разрешување без негативен ефект по билансите на двете страни. Финансиските извештаи и Годишните извештаи од работењето со заклучоците се разгледувани, прифатени и одобрени од УО на ЈСП и Советот на Град Скопје.

Сметаме дека надворешни фактори во најголем дел влијаеле на работењето на ЈСП кое ревизијата го карактеризира како невистинито, необјективно и неусогласено со законските прописи, со што вината ја лоцира во претпријатието, иако причините за состојбите се надвор од него и од делокругот на неговото делување, поради што **предлагаме престрого формулираното резиме да се измени и да гласи:**

**Претпријатието ги нема сведено тужените/сомнителни и спорни побарувања на нето реализациона вредност и нема утврден основачки влог. Освен за ефектите од претходниот став, финансиските извештаи на ЈСП СКОПЈЕ ја прикажуваат реално и објективно финансиската состојба на претпријатието на 31 декември 2009 год.**

2. Во точка 1.4. од Воведот не е констатиран периодот во кој застапникот на претпријатието Алекасандар Бошковиќ бил вршител на должност директор на Јавното сообраќајно препријатие СКОПЈЕ, а тоа е периодот од 04.08.2008 до 17.11. 2008 година.
доказ: Решение за именување на вршител на должност бр. 08-1960/1 од 04.08.2008 година, фотокопија

3. Во однос на прашањето на основачкиот влог на претпријатието (точка 4.2.1.) во Нацрт извештајот е потенцирано како отворено прашање, кое во иднина треба да се уреди од страна на Градот Скопје, кој е негов основач. Ова е резултат на фактот што ЈСП СКОПЈЕ од работна организација е трансформирано во јавно претпријатие во 1989 година со одлука на Советот на Град Скопје, во која не е утврден основачки влог, а е утврдено во истата дека претпријатието се финансира од средствата што ги остварува од своето работење. Основачот нема основачки влог, посебно ако се има во вид дека Градот досега нема обезбедено никакви капитални вложувања, ниту средства за тековно работење на претпријатието, кои би можеле да се запишаат како основачки влог на претпријатието (последните три години обезбеди одредени парични средства на име субвенции за тековното работење, кои се недоволни за покривање на трошоците на работењето). Претпријатието со самофинансирање во текот на децениите од формирањето до денес го создаваше капиталот, кој за жал со промената на општествено-политичкиот систем и воведувањето на нелојалната конкуренција во дејноста јавен градски и приградски превоз на патници, го " подјаде" сопствениот капитал за покривање на загубите од работењето. Поради тоа употребениот термин „Државен јавен капитал" во точка 4.2.1. во последната реченица е несоодветен, посебно не е „државен" , затоа што основачот на претпријатието е Градот Скопје, а не Државата.

4. 4.2.2. Извештајот на државната ревизија се однесува на работењето во 2009 год. кога ЈСП како даночен обврзник ги подмирува тековните обврски за ДДВ и согласно можностите врши исплати на дел од главниот долг. Во 2009 год. по основ на ДДВ вкупно се платени

15.467.563 денари, од кои 12.283.828 ден. по основ поврат на ДДВ, а 3.183.735 ден. се вирмански плаќања.

Доказ:

-Финансиска картица за обврски по аконтативна пресметка на ДДВ за 2009 г.

Ревизија констатира дека во 2009 г. немало создадено услови за подмирување на обврската за ДДВ и дека тој проблем во 2010 г. е надминат со донесување на Законот за плаќање на рати на даночните долгови на јавните претпријатија, со што ЈСП обезбедува обврската за ДДВ да ја плаќа на рати со грејс период од 36 месеци, заклучно со 12.02.2013 г., со право на отпис на каматата.

5. Во точка 4.2.3. наведен е намален прилив на парични средства на име приходи од камати за ненавремено плаќање во износ од 2.266 илјади денари за 2008 и 2009 год. Со оглед дека извештајот од извршената ревизија се однесува за 2009 год., износот од 2.266 илјади денари треба да се корегира земајќи ја во предвид само каматата за 2009 год. која изнесува 511 илјади денари. Пресметката се однесува за каматни листи бр. 574, 575 и 576 за чии плаќања се потпишани спогодби. За каматна листа бр. 575 УО на ЈСП на ден 27.02.2008 год. има донесено заклучок со кој го овластува директорот да одобри 15% попуст од вкупната камата, односно да се наплати 85% од пресметаната камата.

Прилог: преглед по каматни листи на пресметана и наплатена камата

## П Р Е Г Л Е Д

на

пресметана и помалку наплатена камата

за 2009 година

| каматна листа | спогодба број | главен долг | вкупно прес. камата | процент за наплата | да се плати од % | наплатена камата | разлика |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| к.л. 574 | јсп 03-920/1 мо 03-3584/3 | 808.546,00 | 41.833,00 | 100% | 41.833,00 | 24.353,00 | 17.480,00 |
| к.л. 575 | јсп 03-919/1 мо 03-3584/2 | 2.814.377,00 | 1.332.194,00 | 85% | 1.132.365,00 | 889.682,00 | 242.683,00 |
| к.л. 576 | јсп 03-918/1 мо 03-3584/1 | 5.626.410,00 | 610.473,00 | 100% | 610.473,00 | 359.100,00 | 251.373,00 |
| Вкупно: | | | | | 1.784.671,00 | 1.273.135,00 | 511.536,00 |

6. Во точка 4.2.4. алинеја 2 е констатирано дека Правилникот за систематизација на работните места не содржи податоци за потребниот број на вработени/извршители за работните места.

Бројот на извршители на работните места е утврден во посебна одлука за утврдување на бројот на извршители на работните места во ЈСП СКОПЈЕ од 1999 година, а истиот е ревидиран со иста таква одлука во 2010 година, кои веројатно не се приложени во текот на вршењето на ревизијата.

Во тек е изработка на нов Правилник за систематизација во кој ќе биде прикажан бројот на извршители на секое работно место, иако утврдувањето на бројот на извршители директно е во зависност од годишната програма на Советот на Градот Скопје со која се утврдува обемот на работа (мрежа на линии-продолжување, скратување, отварање нови линии), возен ред со интервал на следење. Тоа значи дека бројот на ангажиран возачки персонал, извршители за одржување на соодветен број на возила, контролори, е менлив во зависност од предвидениот обем на работа од Градот. Од тие причини бројот на извршители досега беше утврден со одлука.

Доказ: - Одлука за утврдување на бројот на извршители на работните места во ЈСП СКОПЈЕ бр.04-502 од 1999 година, фотокопија,

- Одлука за утврдување на бројот на извршители на работните места во ЈСП СКОПЈЕ бр.02-212/1 од 18.02.2010 година, фотокопија.

7. 4.3.2. Одговорот на оваа белешка е даден под точка 1, потточка 1.3.

Ревизијата констатира дека ЈСП има 132.892 илјади денари сомнителни и спорни побарувања кои ги нема сведено на нето ревализациона вредност, при што е земен збир на конта 12001, 12023 и 12024. За конто 12001 направен е превид со оглед дека е земен износ од 11.702.969 ден. наместо 1.805.434 ден. Разликата од 9.897.535 ден. е книжена на сомнителни и спорни побарувања и за истата е извршена исправка. Според ова износот во нацрт извештајот од 132.892 илјади денари треба да се корегира на 122.994 илјада денари.

Да се елиминира негативниот ефект од отписот на сомнителните и спорни побарувања со Годишната сметка за 2009 год., беше неопходно Градот во 2009 год. да исплати 250.000 илјади субвенции на ЈСП. Поради економската криза и намалениот прилив на средства во градскиот буџет, од доделените 100.000 илјади денари во Буџетот за 2009 год. со ребалансот на Буџетот средствата се намалени на 80.000 илјади, а на ЈСП му се исплатени 60.000 илјади денари. Со овој износ на субвенции ЈСП во 2009 г. оствари загуба од тековното работење во износ од 43.394 илјади денари.
За елиминирање на негативниот ефект од отписот на овие побарувања постоеше иницијатива за нивно решавање по пат на пребивање на меѓусебните побарувања и обврски помеѓу ЈСП и државните институции.
Побарувањата во најголем дел се однесуваат на превози на внатрешно раселените лица кои користеле превоз без надомест во автобусите на ЈСП, за што до претпријатието се доставувани заклучоци од Влада на РМ за потребата од продолжување на овој вид превоз. Дел од побарувањата се однесуваат и на превози на вработените во МО. Ресорните министерства избегнувале обврската да ја регулираат со потпишување на договор и плаќање на фактури. За разрешување на проблемот ЈСП во повеќе наврати ја има информирано Владата на РМ, која има донесувано заклучоци за формирање комисии со цел решавање на проблемите на взаемните побарувања и обврски.
На иницијатива на ЈСП Владата на РМ повторно го разгледува барањето за спогодбено решавање на проблемите и на Триесет и втората седница одржана на 23.11.2008 год. по известувањето од МФ во кое се дава поддршка на предлогот за формирање на работна група за таа намена, го задолжува Министерството за финансии како координатор на Работна група, со претставници на Министерството за одбрана и ЈСП Скопје да достави информација за меѓусебните побарувања и обврски, со цел изнаоѓање взаемно решение на проблемите.

Доказ:

-Барање до Влада на РМ бр. 11-1361/1 од 15.10.2008

-Известување од МФ до Влада на РМ бр. 07-40285/2 од 18.11.2008

-Извадок од Нацрт – записникот на 32-та седница на Влада на РМ бр.19-5223/1 од 24.11.2008

-Известување од Генерален секретар на Влада на РМ бр. 23-3827/1-04 од 24.01.2005 во кој се констатира дека на ЈСП му се исплатени средства за превози на раселени лица во износ од 100.327.705,80 ден., дека по тој основ остануваат за плаќање уште 87 милиони денари (кои до денес ЈСП не ги добил) и дека потребата за тие превози останува и понатаму, поради што надлежното министерство по пат на договор со ЈСП да го регулира ова прашање (што исто така не е испочитувано).

За реалноста, вистинитоста и основаноста на нашите побарувања говори и фактот што во 2010 год. ЈСП има добиено судски извршни решенија по пресуда XIII ТС БР.1492/07 против Министерство за одбрана во вкупна вредност од 81.751.184 денари главен долг со камати и пресуда IX ПС БР.2282/07 на износ од 2.500.000 ден. главен долг со камати.

Доказ:

-Пресуда XIII ТС БР.1492/07

-Пресуда IX ПС БР.2282/07

Со ова се потврдува издржаноста на барањата на ЈСП за благовремено пребивање на меѓусебните побарувања и обврски, со што би се избегнало дел од буџетските средства да бидат наменети за затезни камати по извршни судски решенија.

8. 4.4.1
Забелешка на точка 4.4.1 став.2 кој гласи:
Во врска со несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавни набавки предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и

необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

Генерализирано предходниот наведен став 2 е престрог и се наметнуваат заклучоци од страна на органот што не одговараат на реалната состојба во однос на набавките, бидејќи како што е наведено во извештајот само за една набавка (хартија за печатење на билети) не е реализирано тендер во вредност од 574.000,00, што е незначително во однос на вкупните набавки реализирани во претпријатието. Тендер за оваа набавка не е реализиран од објективни причини, односно постапено е согласно доставеното известување од Град Скопје дека до крајот на годината ќе се имплементира електронски систем на наплата што како обврска го превзема градот, а што не е реализирано од негова страна. Имајќи го во предвид горенаведеното претпријатието стои на својот став дека планирањето, спроведувањето и реализацијата на набавките се врши на најтранспарентен и објективен начин со целосна примена на Законот за јавни набавки.

9. 4.4.2.

Алинеја 3- Ефектот на смалување на приходот е помал во однос на ефектот од зголемување на приходите од продажбата, како резултат на зголемување на обемот.

Алинеја 5- Согласно Договорот за деловна соработка, рабатот кој го добива правниот субјект изнесува 25% и е запазен во сите договори. Рабат од 35% е одобрен по однос на еден Договор- согласно количината и износот, како и проценката на Директорот врз основа на член 10 од официјалниот ценовник на ЈСП СКОПЈЕ бр.02-1472/6 од 10.01.2006 год. Кој гласи "Директорот на ЈСП СКОПЈЕ заради следење на пазарните движења, за фирми кои се од посебен интерес во работењето на претпријатието, може да даде дополнителен рабат, за што треба да го информира управниот одбор".
Според Договорот за деловна соработка, 5% рабат се одобрува само во случаите кога правниот субјект врши услуга на ЈСП СКОПЈЕ за негов клиент, а плаќањето на брендирањето се врши со компензација на рекламен простор.
Алинеја 6- За сите брендирани автобуси се поткрепени со Договори и постои уредна документација и евиденција.
Алинеја 7- Постои уредна евиденција и во секој момент се познати бројот на закупените автобуси и времетраењето на Договорите.
Алинеја 8- Произлегува од начинот на фактурирањето- однапред фактурирање на рекламен простор кој се користи во некој нареден период, беше коментирано во Алинеја 4 и во потполност се согласуваме со комисијата.
Алинеја 9 - Во врска со рекламирањето на електронските и пишаните медиуми, постои медиа план, со потпис и печат од надлежните медиуми, како и примероци од списанија и снимен материјал на CD (спотови, графики) – кои што можеме да ги приложиме.

10. 4.13.

Во белешка 4.13. е наведено дека нето платите во износ од 33.213 иљади денари се однесуваат за обврски на вкалкулиран личен доход и обврски за личен доход од претходни години. Бараме овој наод да се корегира со оглед дека овој износ се однесува на вкалкулиран личен доход и обврски за личен доход за месец декември 2009 год., а исплатени во јануари 2010 год.

Се надеваме дека наведените заблешки ќе ги земете предвид при изготувањето на Конечниот извештај.

Со почит,

ЈСП СКОПЈЕ
Директор
________________
Мр. Мишо Николов

# ОДГОВОР
## на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Одговорното лице на субјектот за дел од периодот за кој е вршена ревизијата (законски застапник/директор заклучно со 29.10.2009 година) и овластениот законски застапник/директор (законски застапник/директор во период од 30.10.2009 година до денот на ревизијата) на Јавното сообраќајно претпријатие Скопје – Скопје (во понатамошниот текст ЈСП Скопје )на ден 12.08.2010 година доставија Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор кои се заведени под број 11 – 190/9 и 11 – 190/10.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки на Нацрт извештајот и истите делумно ги прифати во делот на забелешките на точките 4.3.2. и 4.4.2. а останатите забелешки не ги прифати поради тоа што дел од доставените забелешки преставуваат информирање за превземените мерки за дадените препораки а во одреден дел се наведуваат причините за утврдените состојби без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или преиначат утврдените состојби од страна на ревизијата. Деталните објаснувања за дадените забелешки се презентирани во продолжение и тоа како што следува:

1. Упатените забелешки од законскиот застапник кој бил одговорен за финансиските извештаи во период до 29.10.2009 година и неговата констатација дека недоволно бил контактиран во дообјаснување на одредени области-прашања кои се предмет и од значење завршење на ревизијата а воедно и од кои причини не бил повикан на завршниот состанок не ја одразуваат реалната состојба. Имено овластениот државен ревизор истакнува дека постапувањето на ревизорите во извршувањето на ревизијата на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година е во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Постапувајки по наведените стандарди а пред се согласно точка 15 и точка 33 од Правилникот за ревизорските стандарди за државната ревизија направено е просудување за начниот и зачестеноста на комуницирање со раководните лица и вработените во јавното претпријатие предмет на ревизија. Ревизорите постапувајки согласно наведените стандарди и воедно имајќи ги во предвид одредбите на Меѓународниот стандард за ревизија 260 „Комуницирање со оние кои се задолжени за управување на ентитетот“ и Меѓународниот стандард за ревизија 265 „Комуницирање за недостатоците на интерната контрола со оние кои се задолжени за управувањето и раководењето“ оствария содветни и доволни комуникации со надлежните вклучувајки го одговорното лице за финансиските извештаи за одреден период во 2009 година. Што се однесува за завршниот состанок и

присуството на одредени лица на истиот овластениот државен ревизор истакнува дека Државниот завод за ревизија го иницира состанокот но не одлучува кој ќе присуствува на истиот односно тоа е одговорност на законскиот застапник на субјектот предмет на ревизија.

2. Упатените забелешки од сегашниот законски застапник кои се однесуваат на точката 1.4. од Нацрт извештајот кои се однесуваат на информациите за одговорност на раководството (лицата) за финансиските извештаи за известувачкиот период **не се прифаќа,** поради тоа што доставените информации овластениот државен ревизор ги имаше и во текот на ревизијата но истите не се презентирани поради тоа што не се однесуваат за известувачкиот период предмет на ревизија.

3. Упатените забелешки од законските застапници (поранешниот и сегашниот) во однос на формулацијата на мислењето утврдено во резимето на Нацрт извештајот **не се прифаќа,** поради тоа што изразеното мислење е во согласност со одредбите на интерниот акт на Државниот завод за ревизија „Упатство за утврдување ниво на материјалност за оцена на наодите во ревизорските извештаи“. Имено утврдените состојби од страна на ревизијата имаат значително влијание врз вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и усогласеноста на активностите, финансиските трансакции и информации со релеватната законска регулатива.

4. Упатедните забелешки од законските застапници (поранешниот и сегашниот) на **точката 4.2.1.** од Нацрт извештајот која се однесува на неутврдениот износ на средства за основање на претпријатието/основачки влог **не претставува забелешка,** туку објаснување/елаборирање на причините кои довеле за таквата состојба и дека утврдената состојба била во надлежност на основачот на претпријатието. Овластениот државен ревизор укажува дека податоците за искажаната вредноста на капиталот е превземена од трговските книги на претпријатието. Не е извршено покривање на загубата со вредноста на капиталот од причина што согласно одредбите на Законот за трговски друштва истата се покрива и од други извори за што одлучува органот на управување и основачот на претпријатието но до денот на известувањето од извршената ревизија не е донесен таков акт.

5. Упатена та забелешка од страна на сегашниот законски застапник на **точката 4.2.2.** која се однесува на утврдената состојба за неизмирување и ненавремено измирување на обврската за данок на додадена вредност и камата за ненавремена уплата на данокот на додадена вредност **не претставува забелешка** туку објаснување/елаборирање на причините кои довеле до утврдената состојба како и превземените мерки од страна на

субјектот и надлежните органи на Република Македонија за надминување на утврдената состојба. Истите состојби ревизијата ги респектира и ги имаше во предвид и во текот на вршење на ревизијата, но подмирувањето на обврските „согласно можностите врши исплати на дел од главниот долг“ е во соглсност со одредбите на Законот за данокот на додадена вредност кој уредува дека „даночниот обврзник е должен данокот за плаќање да го уплати на сметките утврдени со посебни прописи“.

6. Упатените забелешки од законските застапници (поранешниот и сегашниот) на **точката 4.2.3.** во однос на утврдената состојба за надминување на утврдената рамка од 15 % одобрување на попуст од пресметана камата за одредени пресуди по добиени судски спорови со Министерството за одбрана согласно заклучокот од Управниот одбор со кој го овластил директорот на претпријатието да склучи Вонсудски спогодби за плаќање на рати и да одобри попуст од 15% на вкупно пресметаната камата **не претставува забелешка** туку образложение за причините поради кои предизвикале надминување на утврдената рамка. Имено поранешниот законски застапник во својот допис наведува дека не го имал во предвид Заклучокот на Управниот одбор и одобрениот попуст од 40% преставува постапување во насока на економска корист на претпријатието. Објаснувањето на сегашниот законски застапник дека утврдената состојба од страна на ревизијата за намален прилив на парични средства на име приходи од камати за ненавремено плаќање во износ од 2.266 делот, треба да се корегира и да се искаже износ од 551 илјади денари кој се однесува на пресметаната и наплатена камата за 2009 година, а остатокот од 1.715 илјади денари се однесува за 2008 година. Овластениот државен ревизор ги респектира дадените забелешки и информации кои се презентирани и во текот на извршувањето на ревизијата но истите не може да се прифатат поради тоа што превземените активности по заклучокот имаат влијание на биласните позиции во континуитет (2008 и 2009 година, итн.) и во исто време се презентирани целокупните ефекти по непостапувањето на наведениот заклучок.

7. Упатените забелешки од сегашниот законски застапник на **точката 4.2.4.** во однос на утврдената состојба дека Правилникот за систематизација на работните места не содржи податоци за потребниот број на вработени/ извршители за работните места **не се прифаќа,** поради тоа што доставенета Одлука за утврдување на бројот на извршители на работни места во ЈСП Скопје е донесена од страна на директорот на претпријатието во текот на 2010 година и истата не може да има ретроактивно дејство. Во исто време овластениот државен ревизор укажува дека во одредбите на Правилникот за систематизација на работни места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје не е содржана одредба дека составен дел на овој акт преставува дополнително доставената одлука. Имено Правилникот за систематизација

на работни места во Јавно сообраќајно претпријатие Скопје кој е во сила и се применува во известувачкиот период предмет на ревизија е донесен на ден 30.10 2006 година заведена под број 01-1505/1 од 31.10.2006 година, а Одлуката за утврдување на бројот на извршители на работните места во ЈСП „Скопје“ заведена под број 04-502 од 30. 06.1999 година е донесена во претходниот период и истата не кореспондира со постојниот акт за систематизација. Овластениот државен ревизор ја охрабрува активноста на менаџментот на претпријатието за изработка на нов Правилник за систематизација на работните места со кој ќе се надминат утврдените состојби.

8. Упатените забелешки од сегашниот законски застапник на **точката 4.3.2.** во однос на констатацијата за начинот на признавање и депризнавање (вредносно усогласување) на краткорочните побарувања во финансиските извештаи односно одредбите од позитивните законски прописи кои бараат „претпријатието да изврши депризнавање/усогласување на побарувањата во услови кога ја губи контролата над истите“ односно е уредена веројатноста на идни економски користи, при што во услови на неизвесност на побарувањата, истите се признаваат како расход кој претставува очекувано намалување на идните економски користи, **делумно се прифаќа** само во делот на вкупната вредност на тужените/сомнителни и спорни побарувања поради што во утврдената состојба се вршат доплнувања. Имено:
    - Забелешката за дел од вредноста на наведените побарувања во износ од 9.898 илја денари се прифаќа и вкупната вредност се намалува за овој износ, но во исто време во утврдената состојба се додава „ Не се превземени мерки за обезбедување на документи, дали е реално постоењето во финансиските извештаи на сметките побарување од купувачи и вредносно усогласување на побарувањата од купувачи, за истите да постапи согласно Правилникот за водење на сметководството и ги спроведе потребните промени во сметководствената евиденција, поради тоа што се однесуваат за субјекти кои веќе не постојат“.
    - Во исто време се врши дополнување на утврдената состојба и тоа: „Извршено е евидентирање и презентирање вредносно усогласување на побарувањата на купувачите во износ од 769 илјада денари за побарувања кои не се евидентирани на сметката побарувања од купувачите и за износ од 1.545 илјади денари извршено е намалување на сметката вредносно усогласување на побарувањата од купувачите без притоа за овие побарувања претходно да биде искажано вредносното усогласување“.

    Вкупна вредност на тужените/сомнителни и спорни побарувања за кои треба да се превземат мерки за нивно вредносно усоглсување изнесува 123.770 илјади денари.

9. Упатените забелешки од сегашниот законски застапник на **точката 4.4.1.** во однос на утврдената состојба за несоодветно постапување во доделувањето на договорите за јавни **<u>не претставува забелешка</u>** туку видување од страна на законскиот застапник за престрогост на ревизијата за утврдените состојби. Законскиот застапник не достави дополнителни докази со кои ќе ги утврди утврдените состојби од страна на ревизијата и воедно овластениот државен ревизор не врши генерализирање на утврдената состојба туку истата се однесува за конкретни постапки за доделување на договор за јавна набавка.

10. Упатените забелешки од сегашниот законски застапник на **точката 4.4.2.** во однос на констатацијата за утврдените состојби во приходот од издавање на рекламни површини по цени кои не се утврдени од надлежните органи, одобрување на повисок процент на рабат и неможност од потврдување на приходот по овој основ, **<u>делумно се прифаќа</u>** во делот на алинеја при што утврдената состојба во алинеја 7 се менува „Не постои интерен акт за дефинирање на потребните евиденции во постапките за закуп на рекламна површина (закупени автобуси и период на закуп)" и во делот на алинеја 9 реченицата „На ревизијата не и се презентирани релеватни документи од кои може да се потврди извршената услуга за рекламирање" се заменува со реченицата „ Со ваквиот начин на плаќање на услугите се врши нарушување на принците на конкуренција помеѓу економските оператори; еднаков третман и недискреминација на економските оператори; транспаретност и интегритет во процесот и рационално и ефикасно искористување на средствата".

11. Упатената забелешка на изнесените информации во образложенијата кон финансиските извештаи во делот на точка 4 БИЛАНС НА СОСТОЈБА **потточка 4.13.** кои се однесуваат за искажаните обврски за вкалкулирани плати **<u>се прифаќа</u>,** поради тоа што во текстот наместо да се помести констатацијата дека наведените обврски се од тековната година, дадена е информација дека наведените обврски се од претходната година.

Скопје, 25.08.2010 година